РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 2/26
28 JAN 2026 год.
СКОПЈЕ

Согласно со член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/2019), Уставниот суд на Република Северна Македонија со седиште на кеј „Димитар Влахов" бр.19 Скопје, број на телефон +38923223626, е-маил: mail@ustavensud.mk и веб-страницата www.ustavensud.mk, преку службените лица Енсар Јусуфи и Ненад Миноски, го подготвија следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 01.01.2025 до 31.12.2025)

1. Службените лица задолжени за посредување на информациите од јавен карактер во Уставниот суд на Република Северна Македонија се Енсар Јусуфи – советник на Судот за стручно аналитичка работа во Одделението за стручно-аналитички работи, е-маил: ejusufi@ustavensud.mk и Ненад Миноски советник на Судот за стручно аналитичка работа во Одделението за стручно-аналитички работи, е-маил:nminoski@ustavensud.mk и телефон за контакт: (02) 322 3626.

2. Број на примени барања: осумнаесет (18).

3. Број на позитивно одговорени барања: седумнаесет (17)

4. Едно барање е отфрлено согласно со член 17 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Имено, имателот на информацијата со допис го извести барателот дека е потребно во рок од три дена од приемот на дописот, да го дополни барањето односно истото да го допрецизира согласно со член 17 став 1 од истиот закон, со насоки во кој правец е потребно да се даде бараното појаснување, со посочување дека доколку барањето не се дополни односно прецизира во определениот рок, ќе се постапи согласно со член 17 став 3 од истиот закон.

5. Број на неодговорени барања: нема

6. Вложена е една жалба против решение на имателот на информации и истата е одбиена од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата: нема

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата: нема

9. Агенцијата има одбиено една жалба и во образложението констатирала дека имателот на информации по Барањето за пристап до информации од јавен карактер постапил правилно и согласно со одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата: нема

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија**
**м-р Виолета Ѓорѓиевска**

Скопје, 27.01.2026 година

Енсар Јусуфи (службено лице)

Ненад Миноски (службено лице)